АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 04.03.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1209 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 27 февруари 2019 година, издание на емисијата „Печат на неделата"

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 март 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор, реализиран по службена должност, врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 27 февруари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на програмските начела за вршење на дејноста од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** кои се однесуваат на: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста (**член 61 став 1 алинеја 1**); почитување на пресумпцијата на невиност (**член 61 став 1 алинеја 5**) и објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (**член 61 став 1 алинеја 9**).

Предмет на надзорот беше актуелно-информативната говорна шоу програма на новинарот Сашо Ордановски, „Печат на неделата" емитувана на 1ТВ на 27

февруари 2019 година, во која беше реализирано интервју со претседателот на опозициската ВМРО ДПМНЕ – Христијан Мицкоски (21:00:48 - 21:58:36).

Интервјуто, како претежно информативен новинарски жанр, подразбира дијалошка форма во која новинарот посредува помеѓу личноста која е поканета на интервју и - публиката, на тој начин што поставува прашања и му остава простор на соговорникот да одговори на нив и евентуално да даде нови информации, за да ѝ се пренесе на публиката подетална елаборација за темата/темите кои се повод за разговорот. Имајќи предвид дека интервјуто не е цел самото за себе, туку треба на публиката да ѝ даде можност самостојно да оформи став за соговорниците и за прашањата за кои се разговара, се очекува дека при интеракцијата ќе се почитуваат општоприфатените стандарди на новинарската професија, етичноста, достоинството на личноста и на професијата. Тоа не значи дека нема да бидат поставувани провокативни прашања - напротив, но подразбира дека при разговорот ќе се задржат професионалната дистанца, пристојноста и ќе се почитува културата на говорот.

Во текот на интервјуто, во одредени делови се одвиваше и следнава комуникација (*цитат хронолошки, според редоследот во разговорот*):

***Сашо Ордановски:** Господине Мицкоски, свесен ли сте дека припаѓате на структурата која што 11 години владееше со Македонија, во која ова беа клучните проблеми заради кои изгубивте власт. Вие да говорите денеска за криминали, за тендераштво, за непотизам, па тоа е непристојно. Мислам стварно е непристојно. Имајте барем доволно пристојност да кажете: видите, во Македонија таков е менталитетот, таква е климата, сите се непотизми...*

* * *

***Христијан Мицкоски:** Е сега, ако ми дозволите да одговорам, еве јас Ве сослушав...*

***Сашо Ордановски:** Се разбира...*

***Христијан Мицкоски:** ... бидејќи неколку тези нафрливте, да Ви одговорам без да ме прекинувате. Или ќе ме прекинете повторно?*

***Сашо Ордановски:** Секогаш кога има потреба ќе Ве прекинам.*

***Христијан Мицкоски:** Ама тогаш нема да биде интервју, тоа ќе биде обид...*

***Сашо Ордановски:** ... разговор. Разговор.*

***Христијан Мицкоски:** Ама да го задржиме нивото барем.*

***Сашо Ордановски:** Ајде, ајде, еве, нивото е тоа.*

* * *

***Сашо Ордановски:** Ај баш да видам за правната наука колку Вие ја разбирате како машинец. Баш ме интересира да ми објасните.*

***Христијан Мицкоски:** Нема потреба сега да ме навредувате...*

***Сашо Ордановски:*** *Не навредувам, јас мислам дека не разбирате бидејќи сте машинец.*

***Христијан Мицкоски:*** *Мислам дека сум гостин и дека треба да ме почитувате.*

***Сашо Ордановски:*** *Не, јас мислам дека не ја разбирате правната држава бидејќи сте машинец, али кажете ми...*

***Христијан Мицкоски:*** *Добро еве, ќе го сфатам ова како ваш симпатичен коментар, не како навреда. Според Прибе, ако сте го прочитале, точно ќе знаете што значи заробена држава ...*

* * *

***Христијан Мицкоски:*** *Денеска полицијата апси млади луѓе, 17-годишни луѓе кои што, да, дел од нив се и активисти на ВМРО ДПМНЕ, затоа што напишале графит.*

***Сашо Ордановски:*** *Графитот е „Заев со раскрвавени раце". Прво не ги апси, приведени се на разговор, да бидат предупредени. Вие ми кажувате за политичка одговорност кога гледате 17-годишњаци што прават од Вашето говорење? Вие разбирате ли дека тоа го правеше Груевски? Вие разбирате ли дека Груевски зборуваше: „не седете со папучи дома, нема да се одбрани државата"? Па потоа велите дека ова е монтирано на 27ми. Кога овие што не седеа со папучи влегоа со оружје во Парламентот.*

***Христијан Мицкоски:*** *Ама гледам дека Вие премногу сте опседнат со Груевски.*

***Сашо Ордановски:*** *Па Вие нели сте опседнат со Груевски?*

***Христијан Мицкоски:*** *Требаше да го викнете во емисија, и да поразговарате со Груевски.*

***Сашо Ордановски:*** *Ама Вие сте производ на Груевски, а гледам дека не можете, немате сила да се справите со тоа.*

***Христијан Мицкоски:*** *Не господине Ордановски, јас сум производ на Иван и Елица Мицкоски, '77та година, биолошки.*

***Сашо Ордановски:*** *Во политичка смисла сте апсолутно производ на Груевски.*

***Христијан Мицкоски:*** *Не господине Ордановски, јас сум член на ВМРО ДПМНЕ од '94 година кога тогаш претседател на ВМРО ДПМНЕ бил друг лидер, не бил Груевски.*

***Сашо Ордановски:*** *Видете, Вашата политичка кариера е тесно врзана за Груевски и Вашиот подем во кариерата е апсолутно производ на Груевски.*

* * *

***Сашо Ордановски:*** *... Вие подобро знаете бидејќи бевте и во Србија, и во Унгарија да се договарате за тоа. Секако подобро знаете дали тој ќе се врати наскоро. Бевте во Србија и во Унгарија да го договарате бегството на Груевски или не?*

***Христијан Мицкоски:*** *Немојте, мислам, дајте да бидеме сериозни...*

***Сашо Ордановски:*** *Еве, Ве прашувам.*

***Христијан Мицкоски:*** *Таман работа, мислам...*

***Сашо Ордановски:*** *Имате ли контакт со Груевски?*

***Христијан Мицкоски:*** *Јас Ве сметам Вас за бард на македонското новинарство. Ова се почетнички прашања, навистина.*

***Сашо Ордановски:*** *И треба, затоа Ве прашувам, имате ли контакт со Груевски?*

***Христијан Мицкоски:*** *Јас? Никаков.*

* * *

***Христијан Мицкоски:*** *Ова е добро интервју бидејќи немав можност да имам дуел со премиерот па добро е вака со Вас, како холограмски да дискутираме.*

***Сашо Ордановски:*** *Зошто сте толку опседнат со мојата, со мојот габарит? Сакате да бидам премиер? Зошто сте толку опседнат?*

***Христијан Мицкоски:*** *Вие го цитирате премиерот. Премиерот излезе на прес – конференција и онака ладно, без никаков доказ, дека јас сум бил во Белград и во Будимпешта. Смешно е, дајте да бидеме сериозни.*

* * *

***Христијан Мицкоски:*** *... Еве лично упатувам порака до претседателот на Владата, ајде да седнеме да видиме како планираме оваа држава, дали планираме да ни биде и понатаму заробена држава? Дали оваа држава планираме МВР да го користиме исклучиво за притисок и терор за политичките неистомисленици? Или сакаме да направиме вистинска европска држава...*

***Сашо Ордановски:*** *(го прекинува соговорникот) Леле леле, каков речник употребувате како да е ова, не знам, некаква... Чекајте сега, каква замена на тези правите. Глејте каква замена на тези. Кога направија Закон за аболиција на Вашите пратеници, тоа Вам не Ви одговара. Сега кога сакаат овие да ги апсат, кои се обвинети, осомничени за сериозни кривични дела, вие велите: „не разговараме додека не ги ослободите“.*

* * *

*(Во контекст на темата за 27 април)*

***Христијан Мицкоски:*** *Да, Вие имате сертификат за државна тајна.*

***Сашо Ордановски:*** *Имам сертификат, да, затоа и Ви велам, ќе ме слушате кога Ви говорам.*

***Христијан Мицкоски:*** *... можеби единствен новинар.*

***Сашо Ордановски:*** *Не, има многу само Вие не ја разбирате проблематиката, за да знаете како се вади.*

***Христијан Мицкоски:*** *Благодарам, повторно ме навредивте, но во ред.*

***Сашо Ордановски:*** *Па не ја разбирате таа проблематика, не Ве навредувам ако ви кажам дека не разбирате. Ја не Ви велам дека сте глупав, Ви велам дека не разбирате бидејќи таа е проблематика стручна.*

***Христијан Мицкоски:*** *Повторно Ви благодарам на комплиментот.*

***Сашо Ордановски:*** *Се разбира.*

* * *

***Сашо Ордановски:*** *Слушајте, ги имам сите статистики, ако почнам да Ви ги читам овдека ќе испадне дека многу успеси постигнала новата Влада, сум сигурен дека Вие ќе го кажете спротивното, да не губиме време во тие статистики. Повеќе ме интересира политичките ставови.*

***Христијан Мицкоски:*** *Видете, повторно ќе го интерпретирате Заев, а јас ќе можам да дебатирам со Вас бидејќи со него немав можност да дебатирам, но супер, и ова е симпатично.*

***Сашо Ордановски:*** *Што сте толку исфрустрирани од тој Заев кажете ми?*

***Христијан Мицкоски:*** *Молам?*

***Сашо Ордановски:*** *Што е таа фрустрација што ја носите од Заев? Некако Ве поклопи како лидер?*

***Христијан Мицкоски:*** *Не, таман работа, господине Ордановски логично е да јас имам спротивставено мислење со моментално премиерот на државата.*

***Сашо Ордановски:*** *Ама чувствувам како да имате фрустрација од него.*

***Христијан Мицкоски:*** *Немам никаква фрустрација, напротив, затоа реков дека задоволство ќе ми биде да разговарам со Вас бидејќи со него немав можност.*

* * *

***Сашо Ордановски:*** *Инаку Вие знаете дека вашата зграда и парите кои што се тие направени пари за вашата зграда се криминално стекнати. Тоа ви е јасно, така?*

***Христијан Мицкоски:*** *Вас ви е јасно?*

***Сашо Ордановски:*** *Мене ми е совршено јасно.*

***Христијан Мицкоски:*** *Имате докази за тоа?*

***Сашо Ордановски:*** *Ма какви докази, кога ќе ја видам големината на зградата јасно ми е дека зад тоа стои криминал. Што треба да имам докази?*

***Христијан Мицкоски:*** *Вие ме обвинивте мене, ме судевте и ме осудивте, без докази.*

***Сашо Орданоски:*** *Ама таму има маса од докази.*

***Христијан Мицкоски:*** *Само Ви недостасува да влезе УДБА и да ми ги стави лисиците, и на Голи Оток да ме однесе.*

***Сашо Орданоски:*** *Тоа го прават со сите овие судења кајшто Ви презентираат докази...*

***Христијан Мицкоски:*** *Конечно признание од еден новинар дека тоа што го правела УДБА, се случува денеска на ВМРО ДПМНЕ во 21 век. Јас можам да Ви честитам, благодарам.*

***Сашо Орданоски:*** *Вие ја потврдивте УДБА со своето делување во последните 11 години. Како можете Вие на УДБА да се повикувате? Па УДБА да го правеше ова што го правеше вашава служба, тоа ќе беше хаос. Па вашата зграда се разбира дека е криминално направена, за тоа постојат докази, за тоа постои судски спор. Вие сега велите дека не сакате да го продолжите СЈО бидејќи тоа СЈО ве гони во 50 случаи... Па кого да гони кажете ми?*

***Христијан Мицкоски:*** *Господине Орданоски, Ви кажав што ми се случило мене. Кого да поддржам?*

***Сашо Орданоски:*** *Ама знаете како, сега Вие ми кажувате... Ама видете, Катица Јанева вели нешто друго на тој состанок. Сега јас на кого да верувам?*

***Христијан Мицкоски:*** *Прашајте го третиот човек.*

***Сашо Орданоски:*** *Кажете ми кој е третиот човек. Кои се во Бихаќка? – Не знам. Кои се телевизиите? – Не знам. Кој е третиот човек? – Не знам. Сега, знаете како, Вие ме обвинувате дека јас манипулирам, уствари цело време Вие манипулирате. Кој е третиот човек што седел на состанокот?*

***Христијан Мицкоски:*** *Гледам се вознемиривте, само да го спуштиме тонот.*

* * *

***Христијан Мицкоски:*** *Инаку еве, пак ќе Ви кажам, добро е што признавте дека денеска ВМРО ДПМНЕ е под прогон еквивалент на тој прогон што го правеше УДБА на Македонците во '49та година.*

***Сашо Орданоски:*** *Господине Мицковски, во кој филм сте Вие влезени?*

***Христијан Мицкоски:*** *Вие мене сега ме обвинивте, ме судевте...*

***Сашо Орданоски:*** *Во кој филм сте Вие влезени? Па Вие разбирате ли, ја потопивте партијата заради овој филм.*

***Христијан Мицкоски:*** *Уште чичковци да дојдат со шеширите и шинелите и да ми стават лисици и да ме однесат на Голи Оток.*

***Сашо Орданоски:*** *Господине Мицкоски, вие сте господин човек кој се шета слободен, во кој филм сте Вие влезени, Ви се молам? Во кој филм сте Вие влезени? Затоа говорите за крвави раце, затоа говорите за терор, Вие мора да излезете малку од таа реалност во која што се движите.*

* * *

***Сашо Ордановски:*** *Па слушајте да Ви кажам, не би било лошо да поразговараме за Груевски. Во контакт ли сте со Груевски?*

***Христијан Мицкоски:*** *Трет пат ми го поставувате тоа прашање.*

***Сашо Ордановски:*** *Во контакт ли сте со Груевски?*

***Христијан Мицкоски:*** *Трет пат ми го поставувате тоа прашање.*

***Сашо Ордановски:*** *Зошто не сте во контакт со Груевски?*

***Христијан Мицкоски:*** *Па затоа што не сум, како да Ви кажам.*

***Сашо Ордановски:*** *Ама зошто, Ве прашав. Зошто не сте?*

***Христијан Мицкоски:*** *Па не знам...*

***Сашо Ордановски:*** *Јас би очекувал да речеме...*

***Христијан Мицкоски:*** *...Неговиот телефон...*

***Сашо Ордановски:*** *Ууу тешко го наоѓате, јас би очекувал да сте во контакт со Груевски. Зошто бегате од тој контакт? Па човекот Ви е сепак ментор, спонзор итн. Зошто бегате од тој контакт?*

***Христијан Мицкоски:*** *Навистина не би се сложил со Вас, јас повторно Ви кажав, јас сум дело на Иван и Елица Мицковски...*

***Сашо Ордановски:*** *Добро, во биолошка смисла, во политичка смисла Ве прашувам, зошто да не го контактирате Груевски?*

***Христијан Мицкоски:*** *... родителите од кои што сум учел многу работи во животот, луѓето кои имаат најголем допринос за мојот професионален...*

***Сашо Ордановски:*** *Ја слушаме ние таа приказна, во ред е тоа, тоа е иначе оваа приказна за непотизмот и сето тоа.*

***Христијан Мицкоски:*** *Јас сум израснат во едно демохристијанско семејство...*

***Сашо Ордановски:*** *Сѐ е тоа убаво. Зошто не му се јавите на господинот Груевски?*

***Христијан Мицкоски:*** *Па еве и за тоа ќе збориме. Да, точно, повторно ќе Ви кажам, јас во еден период од мојот живот сум му помогнал на мојот родител од кој што сум учел многу...*

***Сашо Ордановски:*** *Заборавете го родителот сега, заборавете го тоа.*

***Христијан Мицкоски:*** *Ама дозволете ми сега... Четврти пат...*

***Сашо Ордановски:*** *Ве прашувам зошто не сте му се јавиле на господинот Груевски? Прво би било ред, бидејќи сепак со него имавте многу тесна соработка, човекот пребега, во ред, деликатно е...*

***Христијан Мицкоски:*** *Вашиот совет ќе го послушам...*

***Сашо Ордановски:*** *Зошто да го исечете сосема?*

***Христијан Мицкоски:*** *Ќе се обидам да го побарам неговиот телефон и ќе го побарам, еве...*

* * *

Во текот на разговорот, во повеќе наврати водителот и соговорникот говореа истовремено така што беше тешко да се следи кој, што и кому кажува. Гостинот, во разговорот повеќе пати побара да му биде дадено доволно време да одговори на поставените прашања, но не му беше овозможено. Дополнително, во деловите од интервјуто кога гостинот во студиото ја критикуваше актуелната власт, како и кога кон крајот на интервјуто ги повикуваше луѓето на претстојните претседателски избори да му се приклучат во уривањето на „заевизмот", водителот говореше и поставуваше прашања паралелно со говорот на Мицкоски. Паралелниот говор на двајцата соговорници на моменти наликуваше на кавга и тешко беше да се следи разговорот во којшто се презентираше различен политички став, кој е иманентен на политичкиот и општествениот плурализам. На таков начин, беше оневозможено објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, зачувување на достоинството на соговорникот како и на правото на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

Водителот, во неколку наврати, при поставувањето на прашањата насочени кон гостинот, користеше изрази кои се несоодветни за едно новинарско интервју, а за кои соговорникот реагираше дека ги доживува како навреди, по што водителот не се коригираше. Така, наместо да се понуди провокација во форма на аргументи, водителот во обид да ги негира познавањата на соговорникот од областа на правото, го нарекуваше „машинец". Водителот, во два наврати донесе самостоен заклучок дека гостинот не се разбира во правната тематика, не дозволувајќи му да понуди поинаков аспект на ваквото тврдење. Во еден момент се водеше и следниов дијалог:

„***Сашо Ордановски:*** *Не, има многу само Вие не ја разбирате проблематиката, за да знаете како се вади.*

***Христијан Мицкоски:*** *Благодарам, повторно ме навредивте, но во ред.*

***Сашо Ордановски:*** *Па не ја разбирате таа проблематика, не Ве навредувам ако ви кажам дека не разбирате. Ја не Ви велам дека сте глупав, Ви велам дека не разбирате бидејќи таа е проблематика стручна.*

***Христијан Мицкоски:*** *Повторно Ви благодарам на комплиментот.*

***Сашо Ордановски:*** *Се разбира."*

Во обидот за политичка дискредитација, водителот го нарекуваше гостинот – „политички производ на Груевски", а подоцна во интервјуто му припиша и одредена „фрустрација" од премиерот Зоран Заев. Секако, во интервјуата е пожелно спротивставување на политичките ставови на гостинот, но со аргументи, а не со

обиди за лична дискредитација, зашто професионалноста во новинарската професија подразбира почитување на достоинството на личноста како и еднаков третман на различните гледишта и ставови.

Во поглед на непочитувањето на пресумпцијата на невиност, водителот најпрво го обвини гостинот за соучество во бегството на Никола Груевски во Унгарија, без притоа да понуди релевантни аргументи и докази, туку неговата изјава гласеше: „*Вие подобро знаете бидејќи бевте и во Србија, и во Унгарија да се договарате за тоа. Секако подобро знаете дали тој ќе се врати наскоро. Бевте во Србија и во Унгарија да го договарате бегството на Груевски или не?*".

Пресумпцијата на невиност беше прекршена и во оној дел од разговорот каде водителот со сигурност тврдеше дека зградата на партиското седиште на опозициската ВМРО ДПМНЕ е криминално стекната. Во моментот кога гостинот Мицкоски побара докази за ваквите тврдења, водителот изјави: „*Ма какви докази, кога ќе ја видам големината на зградата јасно ми е дека зад тоа стои криминал. Што треба да имам докази?*".

До овој момент, истрагата за бегството на Никола Груевски како и судскиот процес на СЈО во врска со финансирањето на партијата и партискиот штаб на ВМРО ДПМНЕ се сè уште во тек, односно важи со Устав загарантираното право за пресумпција на невиноста сè до донесување правосилна судска одлука.

Со надзорот беше утврдено дека недостигот од професионална дистанца во односот на водителот кон гостинот, доведе до непочитување на достоинството на соговорникот, непочитување на пресумпцијата на невиност, како и на нееднаков третман на различниот политички став. Сето ова е **спротивно на начелата за вршење на дејноста од член 61 став 1 алинеи 1, 5 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 61 став 1 алинеи 1, 5 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, на 27 февруари 2019 година, во делови од емисијата „Печат на неделата", новинарот Сашо Орданоски, при интервјуто со претседателот на опозициската ВМРО ДПМНЕ – Христијан Мицкоски, не ги почитуваше начелата за „заштита на ... достоинството на личноста", за „почитување на пресумпцијата на невиност" и за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања", бидејќи не одржа професионална дистанца, го оневозможуваше соговорникот да се доискаже, повремено зборуваше со повишен тон и истовремено со соговорникот, користеше лични дискредитации кои беа означени како навреди од страна на соговорникот, односно се обраќаше на начин кој е непримерен за комуникација преку медиум.

## 9. Предлог-мерка:

Во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата да го прифати извештајот од надзорот и да донесе заклучок на Трговското радиодифузно друштво 1ТВ ДООЕЛ Скопје, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеи 1, 5 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***